# Помош за опрема за новороденче

## Обезбедување на помош и опрема за новороденче

Помошта за оопрема за новороденче се обезбедува за прво новородено дете во вид на опрема(пакет). Право на користење на помош за опрема за новороденче има еден од родителите, државјанин на Р. Македонија, со постојана место на живеење во Р. Македонија, за дете родено на територијата на Р. Македонија. Ова право се остварува независно од материјалната состојба, за секое прво родено дете, независно дали е родено во брак или надвор од брак. Содржината на пакетот ја утврдува Министерството за труд и социјална политика. Висината на помошта изнесува до 25% од просечната плата исплатена во предходната година.
Рок на поднесување на барањето се остварува до 60 дена од раѓање на детето.

## Потребни документи за остварување на право за опрема за новороденче:

1. Барање(од меѓуопштински центар за социјална работа);
2. Лична карта од мајката(фотокопија) со оргинал на увид. Во случај кога мајката не е државјанин на Р. Македонија, а склучила брак со државјанин на Р.Македонија фотокопија од лична карта на таткото со оргиналот на увид;
3. Мајчина книшка на увид за мајката или потврда од лекар-специјалист за редот на раѓање на детето. Ако детето е посвоено, потврда од ЦСР за ред на посвојување на детето.
4. Извод од матична книга на родените за детето;
5. Доказ за државјанство на барателот;
6. Трансакциона сметка.

Извор:
- Закон за заштита на децата од член 28 до член 29, Службен весник на Р.Македонија бр. 98/2001 од 23.11.2000

**Закон за заштита на децата**
**3. Помош за опрема на новороденче**

| |
|---|
| **Член 28**<br>Помошта за опрема за новороденче се обезбедува за прво новородено дете во вид на опрема (пакет). |
| **Член 29**<br>Право на користење на помош за опрема на новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.<br>Содржината на пакетот ја утврдува Министерството за труд и социјална политика.<br>Висината на помошта за опремување на новороденче изнесува до 25% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година. |